**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2671.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУ ВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2008 година.

Бр. 07-4743/1 29 октомври 2008 година Скопје

Претседател на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател на Собранието на Република Македонија, **Трајко Вељаноски, с.р.**

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

**Член** 1

Во Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" број 40/2006), во членот 2 по точката 15 се додаваат две нови точки 16 и 17, кои гласат:

„16, „Дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија" се претставништва на Република Македонија во други држави и во меѓународни организации кои вршат работи утврдени со закон;

17. „Државјани на Република Македонија на привремена работа или престој во странство", во смисла на овој закон, се државјани на Република Македонија кои имаат пријавено последно живеалиште во Република Македонија, а на денот на изборите привремено престојуваат во странство во време од три месеца до една година или се на привремена работа или престој во странство повеќе од една година согласно со евиденцијата од надлежен орган;".

Точките 16 и 17 стануваат точки 18 и 19:,

**Член** 2

Во членот 4 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Избор на претседател на Републиката се врши на територијата на Република Македонија и во диплматско-конзуларните претставништва на Република Македонија во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија, како една изборна единица според мнозинскиот модел.

(2) Во Собранието на Република Македонија се избираат 123 пратеници, од кои 120 пратеници се избираат според пропорционалниот модел, при што територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици утврдени со овој законик и во секоја се избираат по 20 пратеници итројца пратеници се избираат според пропорционалниот модел и тоа по еден пратеник од три изборни единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија утврдени со овој законик."

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи: „(3) Во изборните единици бројот на избирачите може да отстапува најмногу од минус 5% да плус 5% во однос на просечниот број на избирачи во изборната единица по исклучок во изборните единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија."

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

**Член** 3

Во членот 6 се додава нов став (2), кој гласи: „(2) Државјаните на Република Македонија кои на денот на изборите се на привремена работа или престој во странство, а се запишани во Избирачкиот список врз основа на евиденцијата од надлежниот орган и пријава за гласање, гласаат за избор на претседател на Републиката и за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, во согласност со одредбите на овој законик."

**Член** 4

Во членот 7 став (2) алинејата 4 се менува и гласи: „- не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеца".

**Член** 5

Во членот 12 став (2) по зборовите: "Државната изборна комисија" се става запирка и се додаваат зборовите: "Министерството за надворешни работи".

**Член** 6

Во членот 15 по ставот (3) се додава нрв став (4), кој гласи:

„(4) Мандатот на пратениците трае од денот на неговото верификување до денот на верификувањето на мандатот на новоизбраните пратеници, но не подолго од четири години."

**Член** 7

Во членот 16 став (1) зборовите: "во денот недела во првата седмица" се заменуваат со зборовите: "во втората половина".

Ставот (2) се менува и гласи:

„Предвремени избори за членови на совет и за градоначалник се распишуваат и одржуваат според одредбите на овој законик, а по исполнување на условите за престанок на мандатот утврдени со Законот за локалната самоуправа."

**Член** 8

Во членот 17 алинеја 2 по зборовите: "комисии и" се додаваат зборовите: „Изборната комисија на градот Скопје".

Во алинејата 3 по зборот „одбори." точката се брише, се додава сврзникот „и" и се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- избирачките одбори за гласање во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија (во натамошниот текст: ДКП)".

**Член** 9

Во членот 18 став (2) алинеја 2 по зборовите: "Министерството за правда" се додаваат зборовите: „Секретаријатот за законодавство".

**Член** 10

Во членот 22 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Овластениот претставник на подносителот на листата има право на седница на изборен орган да побара и да изврши целосен увид во целокупната документација на изборниот орган."

**Член** 11

Во членот 25 став (1) по зборот „единици" се додаваат зборовите: "како и општините и градот Скопје".

**Член** 12

Во членот 26 став (3) зборовите: "со мандат од 5 годани" се бришат.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Претседателот и членовите на Државната изборна комисија се избираат во рок од 60 дена од денот на одржувањето на конститутивната седница на Собранието на Република Македонија за време од четири години."

Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (5), (6) и (7).

**Член** 13

Во членот 27 ставот (4) се менува и гласи: „Од кандидатите на предлогот на листата политичките партии во опозиција предлагаат претседател и двајца членови на Државната изборна комисија, а партиите на власт предлагаат заменик претседател и тројца членови на Државната Изборна комисија."

**Член** 14

Во членот 29 став (1) по зборот "претседател" се додаваат зборовите: "и двајца членови", а по збрровите: "заменик на претседателот" се додаваат зборовите: "и тројца членови".

**Член** 15

Во членот 31 став (2) точка 1 по зборот „комисии" точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите: „и Изборната комисија на градот Скопје".

Точката. 29 се брише.

Точката 30 која станува точка 29 се менува и гласи:

„29) врши евиденција на избирачкото право и се грижи за заштитата на личните податоци на граѓаните содржани во Избирачкиот список;".

Точките 31, 32, 33, 34, 35, 36 и 37 стануваат точки 30,31, 32, 33, 34, 35 и 36.

По точката 37 која станува точка 36 се додаваат шест нови точки 37, 38, 39, 40, 41 и 42, кои гласат:

„37) донесува упатство за решавање по приговори и жалби;

38) го следи започнувањето и завршувањето на изборната кампања и презема мерки предвидени со овој законик;

39) го пропишува образецот за евидендаја и пријава за гласање во ДКП;

40) ги формира избирачките одбори за гласање во ДКП;

41) го предава и го прима изборниот материјал на и од избирачките одбори за гласање во ДКП, преку Министерството за надворешни работи;

42) ги сумира и утврдува резултатите од гласањето за листите на кандидати за избор на тројца пратеници од изборните единици за Европа и Африка, за Северна и Јужна Америка и за Австралија и Азија;".

Точките 38 и 39 стануваат точки 43 и 44.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Државната изборна комисија покренува иницијатива за дисциплинска постапка, поведува прекршочна постапка, или поднесува кривична пријава до надлежниот орган, при постоење на основи на сомнение дека е сторена повреда на одредбите на овој законик."

**Член** 16

Во насловот пред членот 37 и во ставовите (1) и (2) на членот 37 по зборовите: "општинската изборна комисија " се додаваат зборовите: "и Изборната комисија на градот Скопје".

Во ставот (2) точка 15 по зборовите: „приемот на изборниот материјал од избирачките одбори" се додаваат зборовите: „ и сумирање на резултатите".

По точката 15 се додава нова точка 16, која гласи:

„16) одлучува по приговори во согласност со овој законик;".

Точката 16 станува точка 17.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) При спроведување на локалните избори, Изборната комисија на градот Скопје ги врши надлежностите утврдени во ставот (2) на овој член, освен надлежностите утврдени во точките 1, 2, 3, 5, 10, 11, 12 и 14."

Во ставот (3) кој станува став (4) по збодовите: "општинската изборна комисија" се додаваат зборовите: "и Изборната комисија на градот Скопје".

**Член** 17

Во членот 38 ставот (3) се менува и гласи:

„Претседателот на избирачкиот одбор и неговиот заменик, два члена и нивни заменици се избираат од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скрпје по случаен избор за време од четири ГОДИНИ."

По ставот (3) се додаваат четири нови ставови (4), (5), (6) и (7), кои гласат:

„(4) Еден член на избирачкиот одбор и неговиот заменик се именува на предлог на политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

(5)Еден член на избирачкиот одбор и неговиот заменик се именува на предлог на политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

(6)Политичките партии од ставовите (4) и (5) на овој член предлозите за членови на избирачки одбори и нивните заменици ги доставуваат до општинската изборна комисија во рок од пет дена од денот на добивањето на известување од општинската изборна комисија.

(7)Ако политичките партии не го достават предлогот во рокот утврден во ставот (6) од овој член именувањето на членовите го врши општинската изборна комисија во согласност со ставот (3) на овој член."

**Член**18

Во членот 40 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Избирачките одбори за гласање во ДКП ги извршуваат работите согласно со надлежностите утврдени во овој член."

**Член** 19

Во членот 41 став (1) зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија".

Во ставот (5) точката на крајот се брише, се става запирка и се додаваат зборовите: „и пријава за гласање дадена во ДКП".

**Член** 20

Во членот 42 ставови (1) и (2) зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „ Државната изборна комисија".

**Член** 21

Во членот 43 ставови (1) и (2) зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: "Државната изборна комисија".

**Член** 22

Во членот 44 ставови (1) и (2) зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со

зборовите: „ Државната изборна комисија".

**Член** 23

Во членот 45 став (2) на крајот од реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "а кои не доставиле пријава за гласање во ДКП". По ставот (2) се додава нов став (3), кој гдаси: „
(3) Граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство, а доставиле пријава за гласање во ДКП, не се запишуваат во изводите од Избирачкиот список на кои се гласа во Република Македонија."

**Член**24

Во членот 46 по зборовите: „на гласањето во" се додаваат зборовите: „ДКП во" и нова алинеја 1, која гласи:
„- за гласање на граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство, а врз основа на пријава за гласање,".
Алинеите 1 и 2 стануваат алинеи 2 и 3.

**Член** 25

Во членот 47 се додава нова алинеја 1, која гласи:
„- за граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство едниот примерок е систематизиран според избирачкото место и изборната единица и во забелешка стои земјата во која граѓанинот е на привремена работа или престој во странство и местото на ДКП, а вториот примерок е систематизиран според земјата во која граѓаните се на привремена работа или престој во странство, местото на ДКП и во забедешка стои бројот на избирачкото место и изборната единица.".
Алинеите 1 и 2 стануваат алинеи 2 и 3.

**Член** 26

Во членот 48 ставови (1), (2) и (3) зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија".
Ставовите (4) и (5) се бришат.
Во ставовите (6) и (8) кои стануваат ставови (4) и (6) зборовите: "Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Управниот суд".
Во ставот (7) кој станува став (5) бројот "(6)" се заменува со бројот "(4)", а зборовите: "Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Управниот суд".

**Член** 27

Во членот 49 став (1) зборовите: „Министерството за правда " се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија", бројот „15" се заменува со бројот „10", а зборрвите: „во нивен состав" се бришат.
По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Државната изборна комисија преку Министерството за надворешни работи ги доставува до ДКП посебните изводи од Избирачкиот список за лицата на привремена работа или престој во странство врз основа на евиденцијата од надлежен орган, за ставање на јавен увид."
Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: „Министерството за правда " се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија", а по зборот „увидот" се додаваат зборовите: „начините преку кои се врши увидот".
Ставот (3) станува став (4).

**Член** 28

Во членот 50 став (1) бројот „(3)" во заградата се заменува со бројот „(4)".
Во ставот (2) зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија".
По ставот (3) се додаваат четири нови става (4), (5), (6) и (7) кои гласат:
„(4) Министерството за надворешни работи веднаш, а најдоцна два дена од денот на распишувањето на изборите до ДКП доставува известување за објавување на јавен повик во најмалку еден национален весник на половина страница, во соодветната земја за јавниот увид и пријавување за гласање на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство со пријавено последно живеалиште во Република Македонија.
(5) Барање за запишување, дополнување или бришење на податоците во посебните изводи од Избирачкиот список за времетраење на јавниот увид можат да поднесат до ДКП државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство со пријавено последно живеалиште во Република Маќедонија.
(6) Од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на јавниот увид државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство можат да достават пријава своерачно потпишана со која се евидентираат за гласање на претстојните избори и ја доставуваат на ДКП.

(7) Поднесоците од ставовите (5) и (6) на овој член, ДКП сукцесивно, а најдоцна во рок од два дена по завршувањето на јавниот увид, ги доставуваат до Министерството за надворешни работи, а Министерството за надворешни работи веднаш ги доставува до Државната изборна комисија, а најдоцна во рок од два дена од денот на приемот."

**Член** 29

Во членот 51 став (1) зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија".

Во ставот (2) зборовите: „жалба до Државната изборна комисија" се заменуваат со зборовите: „тужба до Управниот суд".

Во ставот (3) збррот "жалба" се заменува со зборот "тужба", а зборовите: „Државната изборна комисија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд".

Ставовите (4) и (5) се бришат,

Во ставот (6) кој станува став (4) зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд".

**Член** 30

Во членот 52 зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија".

**Член** 31

Во членот 53 став (2) зборовите: „Министерството за правда" се бришат, а зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд".

Ставот (3) се брише.

**Член** 32

Членот 54 се брише.

**Член** 33

Во членот 55 став (2) зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија", по зборот "законик" точката се брише и се додаваат зборовите "во рок од десет дена", а на крајот на реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: "и изводите од Избирачкиот список за гласање во ДКП".

**Член** 34

Во членот 60 став (3) зборот "лого" се заменува со зборот "симболот".

**Член** 35

Во членот 61 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Кога подносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи од изборните единици за гласање во странство потребно е да се соберат најмалку 200 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за тие изборни единици пред службените лица на ДКП на образец пропишан од Државната изборна комисија."

**Член** 36

Во членот 63 став (1) зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија", а зборовите: „пропишан од Државната изборна комисија" се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија", а зборот „петнаесеттиот" се заменува со зборот „десеттиот".

**Член** 37

Во членот 64 став (3) по зборот "професија" се става запирка, сврзникот "и" се брише, а по зборот "граѓанинот" точката се брише и се додаваат зборовите: " и изјава за припадност на одредена заедница".

**Член** 38

Во членот 65 став (5) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: "и писмена изјава заверена кај нотар во согласност со закон дека не соработувал со органите на државната безбедност".

**Член** 39

Во членот 67 став (5) зборот "жалба" се заменува со зборот "тужба", а зборовите: „надлежниот апелационен" се заменуваат со зборот "Управниот".

Во ставот (6) зборот "жалба" се заменува со зборот "тужба", а зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Управниот суд".

Ставот(7) се менуваа и гласи:

„Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 24 часа од приемот на тужбата."

Во ставот (8) зборот "жалба" се заменува со зборот "тужба".

**Член** 40

Во членот 69 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Државната изборна комисија преку Министерството за надворешни работи во рок од 48 часа ќе ги достави до ДКП утврдените единствени листи заради јавно објавување."

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (4), (5) и (6).

**Член** 41

Во членот 71 став (1) по зборовите: „Организаторот на изборната кампања" се додаваат зборовите: „во банка во Република Македонија".

**Член** 42

Во членот 74 став (1) по зборот "кампања" се ставазапирка и се додаваат зборовите: ,јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на организаторот на кампањата, јавно истакнување на плакати, изборно медиумско претставување, дистрибуирање на печатени материјали".

Ставрвите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(2) Советот за радиодифузија е должен да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот севис на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите.

(3) Советот за радиодифузија е должен, по утврдувањето на неправилностите, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот кој ги повредил одредбите од овој законик, за време на изборната кампања, за време на изборниот молк и на денот на одржувањето на изборите."

**Член** 43

Членот 75 се менува и гласи:

„(1) Советот за радиодифузија донесува Правилник за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања и го објавува во „Службен весник на Република Македонија".

(2) Со Правилникот од ставот (1) на овој член се определува должината на траењето на изборното претставување, начинот на рекламирање и условите за користење на програмското време, односно просторот во радиодифузерите за претставување на кандидатите и нивните програми.

(3) За време на изборната кампања радиодифузерите што одлучиле да ги покриваат изборите можат да емитуваат 25% дополнително време за рекламирање од дневно емитуваното време за емитување платена политичка програма, односно 25% или 15 минути платено политичко рекламирање на еден реален час притоа најмногу две третини од 15 минути платено политичко рекламирање на еден реален час за еден учесник во изборната кампања.

(4)Радиодифузерите се должни да го почитуваат Правилникот од ставот (1) на овој член за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување.

(5)Радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија се должни во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите во согласност со Правилникот од ставот (1) на овој член, да утврдат ценовник за рекламирање на изборните програми и на кандидатите.

(6) Печатените медиуми се должни ценовникот од ставот (5) на овој член да го достават до Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија, а радиодифузерите и до Советот за радиодифузија.

(7) Државната изборна комисија е должна ценовникот од ставот (4) на овој член да го објави во рок од 24 часа по добивањето на ценовникот.

(8) Цените за рекламирање на изборните програми и на кандидатите кои ќе ги утврди радиодифузерот, односно печатениот медиум во Република Македонија мора да бидат еднакви за сите организатори на изборна кампања.

(9)Радиодифузерите во Република Македонија се должни под еднакви услови на нивните програми да обезбедат рамноправен пристап во претставувањето на изборните програми на кандидатите."

**Член** 44

Членот 76 се менува и гласи:

„(1) Радиодифузерите не смеат да емитуваат платено политичко рекламирање во информативно-политичките програми за време на изборната кампања.

(2) Радиодифузерите и печатените медиуми се должни кога објавуваат платено политичко рекламирање, да наведат дека се работи за платен оглас.

(3) Јавниот радиодифузен сервис е должен без надоместок во соработка со Државната изборна комисија да ги информираат граѓаните за начинот и техниката на гласањето."

**Член** 45

Во членот 83 став (1) по алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

„- средства од неидентификувани извори".
Во ставот ( 2) се додава нова алинеја 1, која гласи:
„- членарината на политичката партија,".
Алинеите 1 и 2 стануваат алинеи 2 и 3.
По ставот (2) се додаваат три нови става (3), (4) и (5), кои гласат:
„(3) Изборната кампања може да се финансира од донации од физички и правни лица во вид на пари, ствари и услуги чија вредност не смее да го надмине износот утврден со ставот (2) алинеи 2 и 3 на овој член, освен за донациите утврдени во членот 83-а ставови (1) алинеја 3, (3) и (5).
(4)Ако висината на донацијата е поголема од износот утврден во ставот (2) алинеи 2 и 3 од овој член организаторот на изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата, разликата меѓу дозволената и донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Македонија.
(5)Ако не може да се утврди потеклото на донацијата организаторот на изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Македонија."

**Член** 46

По членот 83 се додаваат два нови члена 83-а и 83-б, кои гласат:

„**Член** 83-а
(1) Како донација од членот 83 на овој закон се смета и:
- давањето бесплатни услуги на организаторот на изборната кампања,
- давањето услуги на организаторот на изборната кампања за кои плаќа трето лице и
- продажба на стоки или давање на услуги на органзаторот на изборната кампања по цени пониски од пазарните.

(2) Продавачот на стоката, односно давателот на услугата е должен да го извести организаторот на изборната кампања за пазарната цена на продадерата стока, односно извршената услуга и за тоа му доставува фактура.
(3) Разликата меѓу пазарната вредност и платената вредност се смета за донација.
(4) Јавните претпријатија се должни да понудат еднакви цени за своите услуги кон сите учесници на кампањата преку официјални ценовници.
(5) Радиодифузерите и печатените медиуми попустите во цените кои ги даваат за политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања се сметаат за донација изразена во парична вредност.

**Член** 83-б
(1) Организаторот на изборната кампања за време на изборната кампања води регистар на донации со следниве податоци:
- името, односно називот на секој донатор поединечно,
- видот и вредноста на донацијата и
- датумот на добивање на донацијата.

(2)Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник што го донесува министерот за финансии, во кој се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации."

**Член** 47
Во членот 84 износот "60 денари" се заменува со износот "180 денари".

**Член** 48

По членот 84 се додава нов член 84-а, кој гласи:

„**Член** 84-а
Од денот на донесувањето на одлука за распишување на изборите се до денот на завршувањето на изборите, државните органи и органите на општините и на градот Скопје не смеат да објавуваат реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија, односно од буџетите на општините и на градот Скопје ."

**Член** 49
Во членот 85 ставовите (1), (2) и (3) се менуваат и гласат:
„(1) Организаторот на изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена по денот на завршувањето на изборната кампања да поднесе вкупен финансиски извештај за изборната кампања.
(2)Финансискиот извештај за изборната кампања се поднесува на образецот од членот 83-б став (2) на овој закон.
(3) Финансискиот извештај се доставува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Собранието на

Република Македонија, а за локалните избори и до советот на општината и Советот на градот Скопје,"

Ставот (5) се брише.

Ставовите (6) и (7) стануваат ставови (5) и (6).

Ставот (7) кој станува став (6) се менува и гласи:

„(6) Државниот завод за ревизија доколку утврди неправилности во финансискиот извештај на организаторот на изборната кампања, ќе ги извести надлежните органи заради поведување на соодветна постапка."

**Член** 50

По членот 85 се додаваат два нови члена 85-а и 85-б, кои гласат:

„**Член** 85-а

(1) Радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од организаторите на изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува најдоцна 15 дена по денот на завршување на изборната кампања.

(3) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да го објават на своите интернет страници.

(4) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува на образец пропишан од министерот за финансии.

**Член** 85-б

Ревизорските извештаи од извршената ревизија на финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања Државниот завод за ревизија ги објавува на својата веб страница во рокот утврден со закон."

**Член** 51

Во членот 87 став (1) бројот "7" во заградата се заменува со бројот "6".

Ставот (2) се брише.

**Член** 52

Во членот 91 по ставот (1) се додаваат два нови ста-ва (2) и (3), кои гласат:

„(2) Државната изборна комисија изборниот материјал за гласање во ДКП го предава на овластено лице во Министерството за надворешни работи најдоцна десет дена пред денот на одржување на изборите.

(3) Министерството за надворешни работи изборниот материјал на ДКП го доставува веднаш по приемот."

Ставот (2) станува став (4).

**Член** 53

Во членот 95 став (1) алинеја 1 запирката се брише и се додаваат зборовите: "за гласањето во Република Македонија".

По алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- назив на гласачкото ливче, седиштето на ДКП за гласање во странство,".

Алинеите 2 и 3 стануваат алинеи 3 и 4.

Во ставот (2) по зборот "општината" се додаваат зборовите: "односно седиштето на ДКП".

**Член** 54

Во членот 101 став (1) точката на крајот на реченицата се брише, се става запирка и се додаваат зборовите: "а во ДКП се почитува временската разлика во земјата, односно од 7,00 до 19,00 часот согласно со сметањето на времето во соодветната земја".

**Член** 55

Во членот 104 ставот (6) се брише. Ставот (7) станува став (6).

**Член** 56

Во членот 105 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Претставниците на подносителите на листите и овластените домашни набљудувачи можат од непосредна близина да го следат утврдувањето на идентитетот на избирачот кој пристапува на гласање."

**Член** 57

Во членот 106 по зборот "одбори" се става запирка и се додаваат зборовите: "односно избирачките одбори за гласање во ДКП".

**Член** 58

Во членот 107 став (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: "и во ДКП".

**Член** 59

Во членот 110 зборовите: „на гласачкото ливче преклопено пред да го стави во кутијата за гласање, избирачкиот одбор на задната страна му става печат" се заменуваат со зборовите: „гласачкото ливче преклопено го става во кутијата за гласање".

**Член** 60

По членот 113 се додава нов член 113-а, кој гласи:

„**Член** 113-а

(1) Избирачите кои на денот на гласањето се на привремена работа или престој во странство гласаат во ДКП еден ден пред денот на одржувањето на изборите во Република Македонија.

(2) Државната изборна комисија е должна веднаш по добивањето на изборниот материјал да го достави на ДКП преку Министерството за надворешни работи.

(3) За избирачите од ставот (1) на овој член изборите ги спроведуваат избирачките одбори за гласање во ДКП.

(4) Избирачките одбори за гласање во ДКП составуваат записници.

(5) Гласачките ливчиња се ставаат во посебни коверти на кои е назначено седиштето на ДКП и изборнатаединица и се запечатуваат.

(6) Записниците, запечатените коверти и другиот изборен материјал по завршувањето на гласањето избирачките одбори преку Министерството за надворешни робота ги доставуваат до Државната изборна комисија.

(7) Државната изборна комисија врши сумирање и утврдување на резултатите од гласањето во странство."

**Член** 61

Во членот 121 ставот (3) се брише.

**Член** 62

Членот 129 се брише.

**Член** 63

Во членот 138 зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија".

**Член** 64

Во членот 141 став (2) зборот „жалба" се заменува со зборот „тужба", а зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд".

Во ставот (3) зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд", а зборот „жалбата" се заменува со збррот „тужбата".

Во ставот (4) зборот „жалбата" се заменува со зборот „тужбата".

**Член** 65

Во членот 146 став (1) зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија".

**Член** 66

Во членот 147 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Приговорите се поднесуваат во писмена форма и ги содржат следниве елементи:

- место, време, опис на направената повреда, сторителот и доказите на кои подносителот се повикува и
- име, презиме и потпис на подносителот на приговорот, односно на овластениот претставник.

(6) Приговорите можат да се поднесуваат и на посебни обрасци, пропишани од страна на Државната изборна комисија, објавени во "Службен весник на Република Македонија" и на интернет страницата на Државната изборна комисија."

**Член** 67

Во членот 148 став (1) по зборовите: "Државната изборна комисија" се става точка, а останатиот текст до крајот на реченицата се брише.

Во ставот (2) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „односно објавување на првичните резултати".

Ставот (3) се менува и гласи:

„Државната изборна комисија е должна во рок од 48 часа по приемот на приговорот да

донесе одлука."

Во ставот (4) зборовите:"општинската изборна комисија и градската изборна комисија" се бришат, во ставовите (4) и (5) зборот "жалба" се заменува со зборот "тужба", а зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд"'.

**Член** 68

Во членот 149 став (1) зборовите: "а за локалните избори до градската изборна комисија или општинската изборна комисија" се бришат,

Во ставот (3) зборот ,жалба" се заменува со зборот "тужба", а зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд".

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Ако одлуката од ставот (2) на овој член се однесува на одредено дејствие на избирачкиот одбор, а процесот на гласање е во тек, на избирачот ќе му се овозможи остварување на избирачкото право."

**Член** 69

Во насловот пред членот 150 зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд".

**Член** 70

Во членот 150 став (1) зборовите: "Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Управниот суд", зборот „жалбите" се заменува со зборот „тужбите", а точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: "на јавна седница".

Во ставот (2) зборовите: „Врховниот суд нз Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд", а зборот „жалбата" се заменува со зборот „тужбата".

Во ставот (3) зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд".

Во ставот (4) зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд", а зборот „жалбата" се заменува со зборот „тужбата".

**Член** 71

Во членот 151 став(1) првата реченица се менува и гласи: "Државната изборна комисија по службена должност, или по поднесен приговор, со решение го поништува гласањето на гласачкото место во следниве случаи, ако:".

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Државната изборна комисија во случаите од ставот (1) алинеи 1, 2, 5 и 6 на овој член, при одлучување по приговори ако фактите на кои се упатува во нив се внесени во записникот, е должна да изврши увид во целокупниот изборен материјал."

Во ставовите (2) и (3) зборовите: "градска, односно општинска" се бришат.

Ставовите (2), (3), (4) и (5) стануваат ставови (3), (4), (5) и (6).

Во ставот (4) кој станува став (5) зборот „жалба" се заменува со зборот „тужба", а зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд". "

Во ставот (5) кој станува став (6) зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд", а зборот „жалба" се заменува со зборот „тужба".

**Член** 72

Во членот 164 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Во ДКП на Република Македонија за гласање во странство се определуваат посебни избирачки места."

**Член** 73

Во членот 165 ставот (1) се менува и гласи:

„Бројот на избирачите кои гласаат на избирачкото место се опррделува на начин со кој се овозможува гласањето да се одвива непречено во времето определено за гласање."

Ставот (2) се брише.

Во ставот (3) кој станува став (2) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: "и во ДКП каде има пријавено помалку од десет избирачи за гласање".

**Член** 74

Во членот 166 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Правилото утврдено во ставот (1) на овој член не се применува за избирачките места во ДКП."

**Член** 75

Во членот 167 зборовите: „Министерството за правда„ се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија", а по зборовите: "во соработка со" се додаваат зборовите: "Министерството за надворешни работи".

**Член** 76

Во членот 168 став (1) зборовите: „Министерот за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија".

Ставот (2) се брише.

**Член** 77

Во членот 169 став (2) зборовите: „Министерот за правда" се заменуваат со зборовите: „ Државната изборна комисија".

**Член** 78

Во членот 174 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Изборните единици за гласање во странство ги сочинуваат избирачките места, односно ДКП во рамките на изборната единица каде што граѓаните го остваруваат избирачкото право согласно со овој законик."

**Член** 79

Во членот 175 став (1) зборот "шест" се заменува со зборот "девет".

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) За спроведување на гласањето за избор на тројца пратеници се утврдуваат три изборни единици, и тоа:

- Изборна единица број 7 за гласање на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во Европа и Африка со избирачките места, односно ДКП во тие земји,
- Изборна единица број 8 за гласање на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во Северна и Јужна Америка со избирачките места, односно ДКП во тие земји и
- Изборна единица број 9 за гласање на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во Австралија и Азија со избирачките места, односно ДКП во тие земји.'

**Член** 80

Насловот на Главата XIV се менува и гласи: "КАЗНИ И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ".

**Член** 81

Во членот 178 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) За кривичните дела од ставот (1) на овој член постапката е итна".

**Член** 82

Во членот 179 став (1) зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Во ставот (2) зборовите: "со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

**Член** 83

Во членот 180 став (1) зборовите: "Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе се изрече и на кандидат или друго физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член."

**Член** 84

Во членот 181 зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на правното лице ако не го почитува рокот за започнување и завршување на изборната кампања (член 74 став (1)).

(3) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на радиодифузерот ако не ги почитува одредбите на овој законик за време на изборната кампања, за време на изборниот молк и на денот на одржување на изборите (член 74 став(3))."

**Член** 85

Во членот 182 став (1) зборовите: "Со парична казна од 200.000 денари до 300.000 денари ќе се казни јавно гласило" се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на радиодифузерот".

Во алинејата 1 бројот „(1) "се заменува со бројот “(8)“.
Алинејата 2 се менува и гласи:
„- ако не го почитува Правилникот за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување или не го утври и достави до надлежниот орган ценовникот од членот 75 ставови (4) и (5),".
Во ставот (2) зборовите: "Со парична казна од 20.000 денари до 50.000 денари ќе се казни за прекршок и" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече и на".

**Член** 86

Во членот 183 зборовите: "Со парична казна од 20.000 денари до 50.000 денари" се заменуваат со зборовите "Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

**Член** 87

Во членот 184 зборовите: "Со парична казна од 40.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на".

**Член** 88

Во членот 185 зборовите: "Со парична казна од 40.000 до 50.000 денари ќе се казни" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

**Член** 89

Во членот 186 зборовите: "Со парична казна од 201000 до 50.000 денари ќе се казни за пре́кршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

**Член** 90

Во членот 187 зборовите: "Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на".

**Член** 91

Во членот 188 зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 300 до 800 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

**Член** 92

Во членот 189 ставови (1) и (2) зборовите: "Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".
Во ставот (3) зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни и" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

**Член** 93

Во членот 190 зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

**Член** 94

Во членот 191 ставови (1) и (2) зборовите: "Со парична казна од 40.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок и" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

**Член** 95

Во членовите 18 став (2), 21 ставови (2) и (5), 23 ставови (2) и (3), 31 став (2) точки 1, 7 и 14, 34, 35, 36 и 37, 39 ставови (1) и (2), 40 ставови (2) точка 6 и (3), 66 став (3), 67 ставови (1), (2), (3), (4) и (5), 68 став (3), 69 ставови (3) и (4), 102 став (3), 111 ставови (1) и (6), 113 став (3), 117 ставови (4) и (6), 118 ставови (1), (2) и (4), 135 став (1), 155 ставови (2) и (3), 157 став (1) и 170 став (1) по зборовите: "општинска изборна комисија " се додаваат зборовите: "односно Изборната комисија на градот Скопје".

**Член** 96

Државната изборна комисија ќе се избере во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Државната изборна комисија продолжува со работа до изборот на Државната изборна комисија согласно со овој закон.

**Член** 97

Надлежностите на Министерството за правда кои согласно со одредбите на овој закон преминуваат во надлежност на Државната изборна комисија, Министерството за правда продолжува да ги врши најдоцна до 1 септември 2009 година.

**Член** 98

Државната изборна комисија во соработка со Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги започнат активностите за евидентирање и пријавување на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство.

**Член** 99

За државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство, гласањето за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, како и за избор на претседател на Република Македонија согласно со овој закон ќе се спроведува по 1 септември 2009 година.

**Член** 100

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член** 101

Собранието на Република Македонија во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе формира координативно тело за спроведување на активностите за преземање на Избирачкнот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија со членови од Министерството за правда, Државната изборна комисија и Државниот завод за статистика на предлог на Владата на Република Македонија.

Во координативното тело по еден член ќе се избере од редот на пратеничките групи во опозиција и по еден член од редот на пратеничките групи на власт застапени во Собранието на Република Македонија.

Координативното тело за спроведување на активностите од ставот 1 на овој член ќе донесе програма и акционен план со кој ќе ги утврди роковите за спроведување на работите поврзани со пренесувањето на надлежностите, но најдоцна до 1 септември 2009 година.

Државниот завод за статистика ќе продолжи да ја врши организационо-техничката и методолошката обработка на податоците од Избирачкиот список до 1 септември 2009 година, односно до предавањето на Државната изборна комисија.

**Член** 102

Вработените во подрачните одделенија на Министерството за правда кои вршат работи и задачи поврзани со евиденција на избирачкото право продолжуваат со работа во Државната изборна комисија.

**Член** 103

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Изборниот законик.

**Член** 104

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.